ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 5 ДАТА 01.02.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 5 ДАТА 01.02.2017 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ НА ФФМ
- ТОЛКУВАЊЕ ОД КОМИТЕТОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница 31.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Тодоровски Д. Николај, Блажевски В. Тео од ФК „Форца Вардар„ од Скопје, Асани А. Али од ФК „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар, Наумчевски Г. Стефан од ФК „Металург АД„ Скопје, Стојковски Г.Давид од ФК „Куманово Еуроспорт-Вардар„ од Куманово и Реџепи З. Фитор од ФК „Милано„ од Куманово, по член 35/3.

Гуџуфи Б. Бесар од ФК „Албарса„ од Скопје, Шаботиќ Х. Емир од ФК „Петровец„ од с. Петровец, по член 35/2.

ФК „ФОРЦА ВАРДАР„ Скопје: Тодоровски И. Мартин, Рахмани Р. Емир, Павлов С. Вито, Папучковски Давор, Уневски Филип, Канзуров Калин, Исеиновски Ибраим, Ѓороски Леонид,Петковски Давид,Павловски Кристијан-Мартин, Ибраими Енииспо, по член 35/1.

Ѓорѓиевски Дамјан од ФК „Скопско Поле„ од Скопје, Бреслиев Марко, Димитров Дарко, Радини Бурак од ФК „Вардар АД„ Скопје, по чл. 35/2.
Павлов Г. Филип од ФК „Њу Старс„ од Скопје, по член 35/3.

ФК „НОВА КОЛОНИЈА„ н. Нова Колонија: Ајети Р. Емран, Станковски Д. Антонио, Ристовски Г. Андреј, Захитовиќ И. Изет, по член 35/1.

ФК „СКОПЈЕ„ Скопје: Ѓорѓиев К. Филип, Шаботиќ Нерман, по член 35/1.
Граматиков П. Даниел од ФК „Скопско Поле„ н. Гоце Делчев, по чл. 35/3.

ФК „КАДИНО„ с. Кадино: Симоновски С. Андреј од ФК „Кадино„ с. Кадино, чл. 35/2.

ФК „СПОРТ ЕВЕ ВАРДАР„ Скопје: Матоскки Матео, Радески Матеј од ФК „Спорт Ефе Вардар„ од Скопје, по член 35/2.

КМФ „СКОПЈЕ 2011„ Скопје: Божинов Александар од КМФ „Хедис„ Скопје, чл. 35/3.

❖ **Склучување на договор за отстапување:**

ФК „Вардар АД„ Скопје, ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и фудбалерот Јасир Ф. Асани склучија договор за привремено отсапување на фудбалер во времетраење од 6 месеци до Летен преоден рок 2017 година.

❖ **Раскин на професионален договор:**

ФК „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерот Обрегон Куинонес Џон Адолфо го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Гази Баба„ од Скопје, фудбалерите: Чамџиќ М. Никола, Криваљева Р. Бесарт, Иванов Ј. Димитрар, Сулиман Шабан, Папули Христос од ФК „Металург АД„ од Скопје, Белули Малиќ од ФК „Скопје„ од Скопје, Ташевски Б. Ане, Митковски О. Никола, Обрегон Куинонес Џон Адолфо, Ариф Г. Ибраим од ФК „Вардар АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Седница од 30.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВЕЛАЗЕРИМИ 77„ Кичево: Ајчоски М. Семјир, Сариевски М. Мартин, Душку Висар, Нуредини Луиѓ, Ќазими Блендијан, Сулејмани Халим, Абази А. Алберт и Сула Л. Албан, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 30.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АРСИМИ 1973„ с. Чегране. Азизи М. Миран од ФК „Аресими 1973„ с. Чегране, по член 35/2.

ФК „ВАРДАР„ с. Форино: Ајдари С. Бастри, Исеини Ф. Куштрим, Идризи Џ. Рами, Рамадани Н. Шкилќим, Идризи Арди, Мусиу Енвер, Исеини Едон, Цури Енес, Исљами Вилдан, Етем Муса од ФК „Вардар„ с. Форино, по чл. 35/2.

❖ **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Гостивар фудбалерот Вељаноски Наум од ФК„ГФК „Гостивар АД„ Гостивар, поради преминуање со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 31.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип: Пандев Г. Борис од ФК „Кит Го Пехчево„ Штип, по член 35/2.

ФК „КИТ ГО ПЕХЧЕВО„ Штип: Митевски Ѓ. Слаѓан од ФК „Силекс АД„ од Кратово, по член 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Штип фудбалерот Муратовиќ С. Ведран од ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип, поради преминување со регистрација на теритоирја на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 31.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАРПОШ 93„ Куманово: Стефановски С. Никола од ФК „Карпош 93„ Куманово, по член 35/2.

ФК „МИЛАНО„ Куманово: Ѓорѓиевски С. Кристијан од ФК „Њу Старс„ Скопје, чл.35/2.

ФК „БАШКИМИ„ Куманово: Бајрами Б. Енис, Адеми Ќ. Артан, Османи Р. Мухамед, Адеми А. Агон, по член 35/1.

ФК „ГОБЛЕН ЈУНИОР„ Куманово: Ивановски А. Дамјан од ФК „Гоблен Јуниор„ од Куманово, Ињази А. Хекуран од ФК „Милано„ од КУМАНОВО, по чл. 35/2.

ФК „ПЧИЊА 2015„ Куманово: Денковски Н. Данијел, по член 35/1.
Денковски З. Виктор од ФК „Пчиња 2015„ Куманово, Арсовски Филип, од ФК „Македонија Агино„ с. Агино Село, по член 35/2.

ЖФК „РЕЧИЦА„ с. Речица: Алексовска М. Наталија, Марковска Ј. Марта и Милковска М. Бојана, по член 35/1.
Марковска Д. Јована од ЖФК „Куманово Победа„ Куманово, по чл. 35/2.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Арѓент М. Иасени од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје за ФК „Милано„ од Куманово по член 35/2, поради не комплетна документација за регистрација на фудбалерот.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА
**Седница од 31.01.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „СЦ ИСТАТОВ 2015„ од Нов Дојран: Смилковска Б. Мартина од ЖФК „Кочани„ од Кочани, по член 35/10.

ФК „ДОЈРАНСКИО ЕЗЕРО„ Нов Дојран: Јованчев Дарко од ФК „Зорбас Победа„ од с. Мрзенци, по член 35/2.

Брламов Р. Тодор од ФК „Зорбас Победа„ с. Мрзенци и Гоцков П. Борис од ФК „Беласица„ од Струмица, по член 35/3.

Арнаудов Ѓ. Слободан од ФК „Кожуф Гевгелија„ од с. Миравци, чл. 35/4.

ФК „КОЖУФ„ Гевгелија: Чамџич М. Никола од ФК „Металург АД„ од Скопје, чл. 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ РЕСЕН
**Седница од 31.01.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПРЕСПА„ Ресен: Талевкси Ц. Зоран од ФК „Новаци 2005„ с. Новаци, по чл. 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ
**Седница од 31.01.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИРКОВО„ с. Сирково: Горѓиев О. Ристе, Тасев М. Горан, Митков Ќ. Марјан, Велков М. Благојче и Атанасов В. Антонио, по член 35/2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП
**Седница од 31.01.2017 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Се раскинува договорот за професионлано занимавање со фудбал објавен во „Макфудбал„ број 37/2016, склучен помеѓу ФК „Победа„ од Прилеп и фудбалерот Спиркоски Ц. Бојан, Спогодбено.

Се раскинува договорот за професионално занимавање со фудбал објавен во „Макфудбал„ број 30/2016 склучен помеѓу ФК „Победа„ од Прилеп и фудбалерот Дунимагловски Љ. Стојанче, Спогодбено.

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПРОЛЕТЕР„ Прилеп. Рушаноски А. Тархан, Асаноски К. Енис од ФК „Пролетер„ од Прилеп, по член 35/2.

ФК „НАПРЕДОК„ с. Крушеани: Димоски Марио од ФК „11 Октомври„ од Прилеп, Паноски Р. Давор од ФК „Напредок„ од с. Крушеани, по член 35/2.

ФК „ИЛИНДЕН„ с. Долнени: Лиманоски М. Елмин, Имероски Д. Емран, Цветкоски Деан од ФК „Илинден„ од с. Долнени, Китаноски К. Димитар од ФК „Партизан„ од с. Оборшани, по член 35/2.

ФК „ПРИЛЕП СИТИ„ Прилеп: Вчковски Р. Мартин, Мирчески К. Виктор, Стеваноски О. Стевче од ФК „Прилеп Сити„ од Прилеп, по член 35/2.

ФК „ТОПОЛЧАНИ„ с. Тополчани: Пројчески Т. Славчо од ФК „Тополчани„ од с. Тополчани, по член 35/2.

ФК „СЛОГА 2976„ с.Лажани: Потурак Х.Армин од ФК„Братство 07„ с.Житоше, чл. 35/10.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Прилеп фудбалерот Дунимагловски Љ. Стојанче и Спиркоски Ц. Бојан од ФК „Победа АД„ Прилеп, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистерациите на фудбалерите: Војводиќ Д. Милан од ФК „Полет„ од Наково, Република Србија, Станиќ Б. Мирослав од ФК „Смедерево„ од Смедерево, Република Србија и Умерсон Рамон Де Соуза Барбоса од ФК „Врбовец„ Врбовец Република Хрватска за Фудбалскиот клуб „Победа АД„ од Прилеп, по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавуваат и нивните професионални договори, во времетраење за Војводиќ и Станиќ на по една година, а на Умересон Рамон Де соуза Барбоса на 6 месеци.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА
**Седница од 30.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТРУГА ТРИМ ЛУМ„ Струга. Лога Аљтин од ФК „Велазерими 77„ од Кичево, по член 35/3.

ФК „ОКТИСИ СПОРТ„ с. Октиси: Шекуткосики Никола од ФК „Сатеска„ од с. Волино, по член 35/3.

ФК „ВЕЛЕШТА„ с. Велешта: Тела Фабијан од ФК „Влазними„ од Струга, по член 35/3.

ФК „КОРАБИ„ Дебар: Асаноски Салмир, по член 35/1.

ФК „КАРАОРМАН„ Струга: Попоски Даниел, по член 35/1.

ФК „ФЛАМУРТАРИ„ с. Радолишта: Уљо Атај од ФК „Влазними„ Струга, по чл. 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СВЕТИ НИКОЛЕ
**Седница од 27.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЗС ОВЧЕ ПОЛЕ„ Свети Николе: Симонов Николче и Андов Димче од ФК „Работник Џумајлија„ од с. Лозово, по член 356/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ
**Седница од 28.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАМЕНИЦА САСА„ М. Каменица: Мановски Д. Жан од ФК „Брегалница Голак„ од Делчево, по член 35/10.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кочани фудбалерите: Трајчов Јовица, Варадиновски Иван и Цонев Митко од ФК „Брегалница Голак„ од Делчево и Николов Глигор од ФК „Осогово„ од Кочани, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО
**Седница од 30.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МЛАДОСТ„ с. Удово: Атанасов Ѓ. Милан од ФК „Младост„ од с. Удово, по член 35/2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 31.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕЛАСИЦА„ Струмица: Калпачки З. Давид и Атанасов С. Костадин од ФК „Хоризинт Турново АД„ по член 35/2.

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ„ Струмица: Андонов В. Ѓорѓи, Крстев С. Блаже од ФК „Плачковица„ од Радовиш и Гогов Г. Борче од ГФК „Вардар„ Неготино, Димовски З. Никола од ФК „Еуромилк ГЛ АД„ од Скопје, Атанасоски З. Давид и Иванов З. Кристијан од ФК „Хоризонт Турново АД„ од. Турново, Ѓоргев Н. Бранко од ФК „Тиверија„ од Струмица, Србаков Д. Никола од ФК „Љубанци 1974„ од Кавадарци, по член 35/3.

Ѓорѓески А. Бранислав од ФК „Работнички АД„ од Скопје, по член 35/2.

ФК „НАПРЕДОК ЗДРАВЈЕ РАДОВО„ с. Радово: Василев Љ. Атанас од ФК „Бориево 2012„ од с. Бориево, по член 35/2.

ЖФК „ТИВЕРИЈА„ Струмица: Димоска С. Теодора, Дервиши Рабија од ЖФК „Драгон 2014„ од Скопје,по член 35/10.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 31.01.2017 гиодина**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Кузмановски Б. Кристијан, Богдановски Т. Андреј, Стојковски А. Марио и Вељановски З.Павел, по член 35/1.

Вршковски З. Душко од ФК „ЛГ Спрт„ од Битола, по член 35/2.

Недановски С. Александар од ФК „Новаци 2005„ с. Новаци и Лозановски Н. Марио од ФК „Топ Гол„ од Битола, по член 35/3.

Илијоски И. Блаже од ФК „Келантин од Малезија и Мециновиќ С. Јасмин од ФК „Банантс од Ерменија, по член 35/11.

ФК „ЕЛЕНИК СПОРТ„ с. Мусинци: Андоновски М. Рубин од ФК „Пелагонија„ Трап, по член 35/3.

ФК „КАРАМАНИ„ с. Карамани: Цветановски Ц. Пеце од ФК „Црна Река„ с. Чарлчија, по член 35/3.

ФК „ПЕЛАГОНИЈА„ с.Логоварди: Марковски Н.Николче од ФК „Пелагонија„ од Трап по член 35/3.

ФК „КОСМОС СПОРТ„ с. Будаково: Манговски Т. Виктор, по член 35/1.

Мемедов С. Сенат од ФК „Стрела Спорт„ Могила и Ристовски М. Филип од ФК „Напредок„ од с., Ношпал, по член 35/3.

ФК „КРАВАРИ„ с. Кравари: Ѓуровски Т. Виктор од ФК „Могила Бимилк„ од с. Могила, по член 35/3.

ФК „БАИР КРКАРДАШ„ Битола: Момировски Љ. Горан од ФК „Могила Бимилк„ од с. Могила, по члеп 35/3.

ФК „ЈЕНИ МААЛЕ„ Битола. Нечевски М. Филип од ФК „Пелистер АД„ од Битола, по член 35/2.

ФК „ЦЕРНО БУКИ ЗЛ„ с. Црно Буки: Шумкоски С. Антонио од ФК „Младост„ од с. Горно Оризари, по член 35/2.

Колевски И. Аклександар од ФК „Могила Бимилк„ од с. Могила, чл. 35/3.

ФК „ТОП ГОЛ„ Битола: Велјановски Н. Леонид, по член 35/1.

ФК „ПЕЛАГОНИЈА„ с. Трап. Трајковски Р. Виктор од ФК „Младост„с. Дедебалци, чл. 35/2.
Аземи Б. Лирим од ФК „Буковски Ливади„ од Битола, по член 35/3.
Трајковски А. Мерсон од ФК „Лажец„ од с. Лажец, по член 35/4.
ЖФК „ТОП ГОЛ„ Битола: Колевска П. Верица, по член 35/1.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Мециновиќ С. Јасмин, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 година до Зимски преоден рок 2018 година.

ФК „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Илијоски И. Блаже склучија договор за професионално занимавање со фудбвал во времетраење од 1 година до Зимски преоден рок 2018 година.

ФК „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Неданоски С. Александар, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 година до Зимски преоден рок 2018 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистриани фудбалери при ОФС Битола фудблаерите: Коњарски Благојче од ФК „Пелистер АД„ од Битола, Божиновски даниекл од ФК „Младост„ од с. Дедебалци, Талевски Зоран и Настевски Дарко од ФК „Новаци 2005„ с. Новаци, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбвалерот Силва Диос Сантош Фернандо од ПФК „Монтана„ од Бугарија за ФК „Пелистер АД„ од Битола по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 1 година и 6 месеци.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС**

**Седница од 30.01.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БОРЕЦ 1919„ Велес: Темелков Д. Ангел, Стојановски Ѓ. Александар, Ивановиќ Љ. Виктор, Димовски А. Горанче, Петров З. Павле од ФК „Гемиции„ Велес, Донев Г. Љупчо од ФК „Превалец„ од с. Превалец, Илиев К. Петар од ФК „Дојранско Езеро„ од Нов Дојран, Османовски Н. Ергин од ФК „Маџари Солидарност 92„ од Скопје, Крстевски З. Филип од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, по член 35/3.
Костадиновски Д. Стојанче од ГФК „Вардар„ од Неготино, по член 35/2.
ФК „ГЕМИЦИИ„ Велес: Јанкулоски З. Христијан, Мишев Б. Марјан, Михајлов Д. Александар, Јовановски З. Ратко, Костов А. Методија ФК „Борец 1919„ од Велес, по член 35/3.
ФК „ПРЕВАЛЕЦ„ н. Превалец. Јовановски Ѓ. Пепи од ФК „Борец 1919„ Велес, чл. 35/3.
Шојлев Филип од ФК „Форца Нова„ од Велес,, Шојлев Александар од ФК „Гемиции„ од Велес, по член 35/2.
ФК „БАБУНА„ с.Мартолци: Драскачев Т.Тоше од ФК „Македонско Сонце„ Велес, член 35/2.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Арсовски З. Ѓокица – Џо од КМФ „Врање„ од Врање, Република Србија за КМФ „Велес„ од Велес, по член 35/11, поради некомплетна документација.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 31.01.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ДРАГОН 2014„ Данчева С. Ангела од ЖФК „Топ Гол„ од Битола, Боглева П. Мартина од ЖФК „Речица„ од с. Речица, по член 35/3.
Шаќири Ш. Цејљане од ЖФК „Куманово Победа„ од Куманово, чл. 35/4.
Криваљева Р. Никшије, Брахими Р. Ширета од КФФ „Дрита„ Гњилане, Косово и Емини Љ. Медина од КФФ „Визион„ од Косово, по член 35/11.

ФК „ССК НОВА„ Скопје: Имероски В. Мухамедин од ФК „ССК „Младинец„ од Скопје, Спиркоски И. Дино од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/3.
Идризи М. Муарем од ФК „ССК Нова„ од Скопје, по член 35/2.

ФК „ДРАЧЕВО ЈУНИОР„ Скопје: Марио Петрушевски, Никола Гвоздерновиќ, Арис Мекиќ, Лука Стефановски, Џемал Ризвановиќ, Димче Зафировски, Рамиз Беровиќ, Матеј Томовски, Михаил Соколовски, Никола Крстевски, Јане Василевски, Кристијан, Димовски, Исидор Дракулоски, Дамјан Божиноски, Михаил Кузмановкси, Ангел, Арсовски, Стефан Маѓероски, Петар Маѓероски, Антонио Јовановски, Мартин, Цветковски, Џенис Ризвановиќ, Тарик Беровиќ, Марко Јованов, Адис Зекири, Енсар Беровиќ, Џемал Ибровиќ, Гораст Србиновски, Харис Беровиќ, Леон Стојановски ФК „Драчево„ од Скопје, по член 35/2.

ФК „ВИНЕР СПОРТ„ Скопје: Трпевски Г. Лука, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 31.01.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АЛБИОН„ Скопје: Христијан Рајевски, Дилавер Руфати, Ахмед Мерт, чл. 35/1.

ФК „МАКЕДОНИЈА ЃП 1932 АД„ Скопје: Ризовски Љ. Марк од ФК „Сиднеј Јунајтед„ од Австралија, по член 35/11.

ФК „ШКУПИ 1937 АД„ Скопје:Мустафа А.Бурхан од ФК „Еуромилк ГЛ АД„Скопје,чл. 35/3.
Асани Ф. Јасир од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/8.
Исмаиљи И. Фати од ФК „Велазерими 77„ од Кичево, по член 35/2.

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Шкупи 1927 АД„ Скопје и фудбалерот Бадара Алиоу Траоре го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и фудбалерот Глигоров Филип, го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено. Раскинот на договорот е со важност од „Макфудбал„ број 3 од 18.01.2017 година, кога требаше да биде објавен, но при куцањето на „Макфудбалот„ е испуштен.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Скопје фудбалерите: Бадара А. Траоре од ФК „Шкупи 1927 АД„ Скопје и Ангеловски Силвио од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје, поради преминување со регистрација во друг ОФС.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Меирелес Маркос Лукас од ФК „Арсенал спорт клуб„ од Бразил за ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје по чл.35/11 поради некомплетна документација.Не се објавува и неговиот професионален договор. Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Бериша М. Седат од ФК „Ал Јахра Спорт Клуб„ од Кувајт за ФК „“Шкупи 1927 АД„ од Скопје по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објасвува и неговиот професионален договор на 6 месеци.

Не се објавува склучувањето на професионалниот договор пломеѓу ФК „Шкупи 1927 АД„ Скопје и фудбалрот Исмаиљи Фати, поради немање на М1 и М2.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 10-258/2
31.01. 2017 год.

Комисија за жалби на ФФМ

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Мите Левков - претседател, Арбен Борова – член, Синиша Стојчевски - член, постапувајќи по жалбата поднесена од ФК Вардар АД од Скопје пр.бр. 10-2017/1 од 13.12.2016 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1965/9-1 од 06.12.2016 година, врз основа на член 145 став 1 алинеа 2 а во врска со член 35 став 1 и 2 и член 42 став 3 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 31.01.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Делумно се усвојува жалбата поднесена од ФК Вардар АД,Скопје пр.бр. 10-2017/1 од 13.12.2016 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1965/9-1 од 06.12.2016 година
2. Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1965/9-1 од 06.12.2016 година со која Дамир Којашевиќ со ИД 129356 , фудбалер на ФК Вардар АД,Скопје од Скопје како иницијатор на инцидент и поради продолжување на тензии и влечење и туркање во инцидентот на натпреварот од 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 27.11.2016 година помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Ренова АД Тетово му се изрекува дисциплинска мерка забрана на настап на 5(пет) првенствени –куп натпревари се менува и гласи: Дамир Којашевиќ со ИД 129356, фудбалер на ФК Вардар АД,Скопје од Скопје поради неспортско однесување и обид за удирање на противнички играч се казнува со дисциплинска мерка забрана на играње во траење од 3(три) првенствени –куп натпревари.
3. Казната тече од 28.11.2016 година
4. Одлуката е конечна.
5. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ФК Вардар АД од Скопје незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1965/9-1 од 06.12.2016 година во предвидениот рок поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана за што се има произнесено и првостепениот орган со мислење од 13.01.2017 година.

Во жалбените наводи поднесувачот на жалбата се жали на нецелосно утврдена фактичка состојба. Жалителот бара ублажување на изречената дисциплинска мерка.

Постапувајќи по жалбата, Комисијата за жалби ги разгледа следните материјални докази:

- записник од натпреварот од 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 27.11.2016 година помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Ренова АД Тетово
- дополнителен делегатски извештај
- изјава од фудбалерот Дамир Којашевиќ дадена по натпревар
- изјава од главниот судија дадена по натпревар.
- одлука од Дисциплинска комисија бр. 0801-1965/9-1 од 06.12.2016
- доказ за уплатена такса

Комисија за жалби на ФФМ

- мислење од Дисциплинската комисија од 13.01.2017 година

Комисијата изврши увид и во снимката на натпреварот.

Комисијата по изведување на материјалните докази ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на 16 коло од Прва МФЛ на ден 27.11.2016 година одигран е на првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Ренова АД Тетово.

По завршување на натпреварот играчот на ФК Вардар АД Скопје со бр.10 Којашевиќ Дамир и играчот со бр. 10 на ФК Ренова АД Тетово започнале вербална расправија во која употребиле пцовки, навреди, непристојни гестикулации со што ги испровоцирале останатите играчи на двете екипи и поради што настанала мешаница. Во мешаницата дошло до обид за физички напад од страна на играчи за кој со сигурност не може да се утврди како се случил. Главниот судија на натпреварот пријавил 4 играчи меѓу кои го пријавил играчот на ФК Вардар АД Скопје со бр.10 Којашевиќ Дамир и играчот со бр. 10 на ФК Ренова АД Тетово како иницијатори кои со своето однесување ја испровоцирале настанатата ситуација.

Комисијата констатира дека првостепениот орган правилно но нецелосно ја утврдил фактичката состојба што влијаело на примена на материјалното право.

Комисијата утврди дека се работи за прекршоци уредени со член 35 опишани во став 2 како и дека има индиции дека има прекршок од член 42 став 2 и 3 . Фудбалерите со своето неспортско однесување ги испровоцирале останатите фудбалери по што настанала мешаница во која дошло до туркање и влечење за кое не може со сигурност да се утврди од кого потекнало, Комисијата имајќи ги во предвид двата прекршока, ескалацијата до која можело да дојде поради неодговорното однесување како отежителна околност и досегашното примерно однесување како олеснителна околност врз основа на член 35 став 1 и 2, член 42 став 3 а во врска со член 3 од ДП на ФФМ едногласно донесе одлука како во одиспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,
Мите Левков

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Мите Левков - претседател, Арбен Борова – член, Синиша Стојчевски - член, постапувајќи по жалбата поднесена од Фисник Нухи, фудбалер на ФК Ренова АД од Тетово пр.бр. 10-2028/1 од 14.12.2016 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1965/11-1 од 06.12.2016 година, врз основа на член 145 став 1 алинеа 2 а во врска со член 35 став 1 и 2 и член 42 став 3 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 31.01.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Делумно се усвојува жалбата поднесена од Фисник Нухи, фудбалер на ФК Ренова АД од Тетово пр.бр. 10-2028/1 од 14.12.2016 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1965/11-1 од 06.12.2016 година.
2. Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1965/11-1 од 06.12.2016 година со која Фисник Нухи со ИД број 100376, фудбалер на ФК Ренова АД од Тетово како иницијатор на инцидент и поради продолжување на тензии и влечење и туркање во инцидентот на натпреварот од 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 27.11.2016 година помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Ренова АД Тетово му се изрекува дисциплинска мерка забрана на настап на 5(пет) првенствени –куп натпревари се менува и гласи: Фисник Нухи со ИД број 100376, фудбалер на ФК Ренова АД од Тетово, поради неспортско однесување и обид за удирање на противнички играч се казнува со дисциплинска мерка забрана на играње во траење од 3(три) првенствени –куп натпревари.
3. Казната тече од 28.11.2016 година
4. Одлуката е конечна.
5. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Фисник Нухи со ИД број 100376, фудбалер на ФК Ренова АД од Тетово незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1965/11-1 од 06.12.2016 година во предвидениот рок поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана за што се има произнесено првостепениот орган со мислење од 13.01.2017 година.

Во жалбените наводи поднесувачот на жалбата се жали на нецелосно утврдена фактичка состојба и тврди дека немало физички контакт помеѓу него и противничкиот играч со бр. 10 на ФК Вардар АД Скопје. Жалителот бара ублажување на изречената дисциплинска мерка.

Постапувајќи по жалбата, Комисијата за жалби ги разгледа следните материјални докази:

- записник од натпреварот од 16 коло од Прва МФЛ одигран на ден 27.11.2016 година помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Ренова АД Тетово
- дополнителен делегатски извештај
- изјава од фудбалерот Фисник Нухи дадена по натпревар

- изјава од главниот судија дадена по натпревар.
- одлука од Дисциплинска комисија бр. 0801-1965/9-1 од 06.12.2016
- доказ за уплатена такса
- мислење од Дисциплинската комисија од 13.01.2017 година

Комисијата изврши увид и во снимката на натпреварот.

Комисијата по изведување на материјалните докази ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на 16 коло од Прва МФЛ на ден 27.11.2016 година одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Ренова АД Тетово.

По завршување на натпреварот играчот на ФК Ренова АД Тетово со бр. 10 Фисник Нухи и играчот на ФК Вардар АД Скопје со бр.10 Којашевиќ Дамир започнале вербална расправија во која употребиле пцовки, навреди, непристојни гестикулации со што ги испровоцирале останатите играчи на двете екипи и поради што настанала мешаница. Во мешаницата дошло до обид за физички напад од страна на играчи за кој со сигурност не може да се утврди како се случил. Главниот судија на натпреварот пријавил 4 играчи меѓу кои го пријавил играчот со бр. 10 на ФК Ренова АД Тетово Фисник Нухи и играчот на ФК Вардар АД Скопје со бр.10 Којашевиќ Дамир како иницијатори кои со своето однесување ја испровоцирале настанатата ситуација.

Комисијата констатира дека првостепениот орган правилно но нецелосно ја утврдил фактичката состојба што влијаело на примена на материјалното право.

Комисијата утврди дека се работи за прекршоци уредени со член 35 опишани во став 2 како и дека има индиции дека има прекршок од член 42 став 2 и 3 . Фудбалерите со своето неспортско однесување ги испровоцирале останатите фудбалери по што настанала мешаница во која дошло до туркање и влечење за кое не може со сигурност да се утврди од кого потекнало, Комисијата имајќи ги во предвид двата прекршока, ескалацијата до која можело да дојде поради неодговорното однесување на жалителот како отежителна околност и досегашното примерно однесување како олеснителна околност врз основа на член 35 став 1 и 2; член 42 став 3 а во врска со член 3 од ДП на ФФМ едногласно донесе одлука како во одиспозитивот.

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,
Мите Левков

Комитет за итност

Бр. 0202-90/1-4/2
24.01.2017 год.

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ и Толкувањето на Комисијата за статут и правилници на ФФМ во врска со Барање бр. 0302-42/1 поднесено од Мехмет Абдиу од Тетово за толкување на член 25 од ДП на ФФМ и член 52 од Статутот на ФФМ, Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски – Претседател, Муамет Сејдини – потпретседател и Дејан Димовски– член, на седницата одржана на 24.01.2017 година го донесе следното:

# ТОЛКУВАЊЕ

**На член 25 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ и член 52 од Статутот на ФФМ**

1. Во член 25 на ДП на ФФМ предвидено е:

Член 25
„Казната забрана на вршење на функција на одредено време не може да биде помала од еден месец ниту поголема од две години, а се изрекува во полни месеци и години.
Лицето казнето со овој вид казна не може да ја обавува функцијата во фудбалската организација.
Казната забрана на вршење на функција значи и забрана на настап."

Цитираната одредба во став еден ја утврдува временската рамка и начинот на изрекување на казната „ забрана на вршење на функција на одредено време" и при тоа определува дека не може да изнесува помалку од еден месец и повеќе од две години како и дека истата се изрекува во полни месеци и години.
Во став два на одредбата уреден е опсегот на важење на изречената мерка односно каде ќе се применува па во текстот нормата определува дека лицето на кое му е изречена оваа казна не може да ја обавува функцијата во фудбалската организација.
Став 3 на оваа одредба утврдува и покрај јасно определениот термин функција, дека во рамките на овој правилник забраната значи и забрана на настап и покрај тоа што настапувањето на фудбалер на натпревар не значи вршење функција.
Вака уреден став 3 упатува дека интенцијата на носителот на прописот значи дека изречената мерка забрана на вршење функција претставува забрана на вршење на било каква функција во структурата на фудбалската организација .

Во член 52 став 3 од Статутот предвидено е:

Член 52 став 3

„Секоја членка на ФФМ може да предложи еден кандидат за член на Управниот одбор на ФФМ, не подоцна од 20 дена пред Генералното собрание, каде што изборот на Управниот одбор е на дневен ред. Кандидатот мора да ги исполнува следниве услови:

а) да биде граѓанин на Република Македонија

б) да има најмалку 18 години;

в) да не бил претходно осуден за кривично дело со казна поголема од 3 месеци затвор;"

Став 3 на член 52 од Статутот на ФФМ го уредува правото на членките на ФФМ да предлагаат кандидати за Управниот одбор на ФФМ и условите кои кандидатот треба да ги исполни за да може да биде кандидиран.

Меѓу условите не е наведен условот на кандидатот претходно да не му била изречена мерка забрана на вршење функција во фудбалската организација што само по себе би значело дека кандидатите на кои претходно им била изречена мерка забрана на вршење функција немаат пречка да се кандидираат согласно член 52 став3 од Статутот на ФФМ.

Во услови кога изречената мерка е активна (е во важност и се издржува) Комитетот за итност на ФФМ смета дека Комисијата за избори треба да процени дали кандидат кој ги исполнува условите од член 52, но во исто време има активна мерка забрана на вршење функција, поради која е оневозможен во започнување и/или извршувањето на функцијата , доколку би бил избран, во која мера изречената мерка би го попречувала извршувањето на функцијата.

2. Толкувањето ќе биде потврдено на наредна седница на Управниот одбор на ФФМ.

3. Толкувањето да се достави до Мехмет Абдиу, Комисија за избори и ОФС Тетово

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-90/1-4/2

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секој СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална ба нка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

ТЕЛЕФОН 02/3204-470 ТЕЛЕФАКС 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**